# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ПРАКТИКУМ „НОВИНАРСКА ЕТИКА” ОД ДОЦ. Д-Р АНДОН МАЈХОШЕВ И ДОЦ. Д-Р СУЗАНА ЏАМТОСКА-ЗДРАВКОВСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1102-304/10 од 3.12.2015 редовна седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет одржана на ден 1.12.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Јадранка Денкова, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**НОВИНАРСКА ЕТИКА**” од **доц. д-р Андон Мајхошев** и **доц. д-р Сузана Џамтоска-Здравковска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Најпрво како рецензентска комисија сакаме да го истакнеме нашето задоволство за искажаната доверба да го рецензираме практикумот „Новинарска етика“ наменет за студентите на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, напишана од предметниот професор доц. д-р Андон Мајхошев и доц. д-р Сузана Џамтоска–Здравковска. Предметот Новинарска етика е акредитиран на насоката Новинарство и односи со јавност, предметот е задолжителен и се слуша во прва година - втор семестар, со фонд на часови 2+2+1. Практикумот е изработен во согласност со предложената Наставна програма по истоимениот предмет и истата ќе овозможи студентите да се стекнат со потребното практично знаење поврзано со етиката во новинарската професија. Целта на овој практикум преку практични примери изразени во вежби да ги продлабочат основните теоретски познавања за принципи и начела на професионалната етика на новинарите. Практикумот опфаќа практични содржини поврзани со практикувањето на професионалните стандарди на новинарите во Република Македонија. Практикумот дава практични примери за најважните принципи и начела на професионалните стандарди на новинарската професија. Содржината во практикумот има поставено јасна цел студентите да ги разберат основните етички принципи и начела на новинарската професија, како и на примената на етичките стандарди во практикувањето на професијата.

***Податоци за обемот на ракописот***

Практикумот „Новинарска етика“ содржи 102 страници во А4 формат, со што обемот и содржината ги задоволуваат барањата за соодветност на содржината во согласност со бројот на часовите предвидени за овој предмет. Практикумот е изработен во согласност со правилата предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Сакаме да нагласиме дека досега не е објавен практикум со ист наслов, со што практикумот „Новинарска етика“ ќе даде значаен придонес во образовната програма

поврзана со здобивање практично знаење за примена и имплементирање на професионалните етички стандарди на новинарската професија.

***Краток опис на содржината***

Содржината во практикумот содржи и практични примери поврзани со теоретската содржина. Практикумот по предметот Новинарска етика го сочинуваат два дела. Првиот дел во основа е теоретски и содржи 12 поглавја за етиката и моралот. Вториот дел се однесува на етиката во новинарството и опфаќа 18 поглавја од кои најголем дел се професионални стандарди на новинарската професија. Првото поглавје се однесува на професионалните стандарди на новинарството. Второто поглавје се однесува на политичката култура и медиумите, со акцент на политичката култура на новинарите. Третото поглавје содржи практични примери за истражување за злоупотреба на авторските права од страна на новинарите, но и злоупотреба на авторските права на новинарите од други субјекти. Четвртото поглавје содржи практични примери и вежби за остварување на слободата на медиумите во Македонија. Петтото поглавје содржи практични примери и вежби за заштитата на изворот на информација. Шестото поглавје содржи практични примери и вежби за правото на одговор и исправка. Седмото поглавје содржи практични примери и вежби за заштита на приватноста (право на приватност). Осмото, односно деветтото поглавје содржи практични примери и вежби за самоубиства, односно несреќи и лични трагедии. Десеттото поглавје го објаснува проблемот со говорот на омраза (hate speech). Единаесеттото и дванаесеттото поглавје содржат практични примери и вежби за известување за различностите, односно за новинарите и политиката и политичките влијанија. Тринаесеттото поглавје содржи практични примери и вежби за декриминализација на клеветата. Четиринаесеттото поглавје се однесува на секундарната виктимизација. Петнаесеттото поглавје содржи практични примери и вежби кои се однесуваат на новинарските прогнози и шпекулации за одредени настани. Во шеснаесеттото поглавје се опфатени практични примери и вежби за презумција на невиност. Седумнаесеттото, односно осумнаесеттото поглавје содржат практични примери и вежби за корупцијата во новинарството, односно меѓународната контрола во остварувањето на слободата на медиумите. Врз основа на изнесеното Рецензентската комисија го дава следниов

**ЗАКЛУЧОК**

Практикумот ***„Новинарска етика“*** од доц. д-р Андон Мајхошев и доц. д-р Сузана Џамтоска-Здравковска претставува самостојно дело што ги задоволува критериумите за практично помагало со практичен приказ што ќе овозможи студентите на практичен начин да се стекнат со знаење од областа на новинарската етика. Цениме дека практикумот ќе даде придонес во процесот на образованието во Република Македонија поради опфатноста на практични сегменти поврзани со имплементирањето на професионалните и етичките стандарди на новинарската професија. Затоа имаме чест позитивно да го оцениме предложениот практикум и предлагаме Наставно-научниот совет да ја прифати рецензијата на практикумот и да продолжи понатамошна постапка за негово објавување.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

.

**Вон. проф. д-р Јадранка Денкова, с.р.**
**Доц. д-р Страшко Стојановски, с.р.**